Комисијата за одлучување по прекршок при Царинската управа на Република Северна Македонија во состав: Златко Кофиловски како претседател и членовите Наим Рамети и Божо Лозановски, одлучувајќи повторно во прекршочната постапка во прв степен, по барање за поведување на прекршочна постапка број 28-052313/19-0004 од 26.08.2019 година на Царинарница Штип, поведена против Борис Миланов од Свети Николе, за сторен царински прекршок од член 263 став 3 вв став 1 точка 8 од Царинскиот закон, и Илија Тодоров од Штип за сторен царински прекршок од член 265 став 3 в.в став 1 а во врска со член 263 став 3 вв став 1 точка 8 од Царинскиот закон, врз основа на член 10-а став 2 од Законот за Царинска управа и член 52, 54 и 55 од Законот за прекршоците, на 11.07.2022 година го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

1. Борис Миланов од Свети Николе, роден на 11.01.1988 година во Велес, со место на живеење на ул.„Ударничка" бр.18 во Свети Николе, со ЕМБГ 1101988480007, државјанин на Република Северна Македонија

СЕ УТВРДУВА ДЕКА Е СТОРИТЕЛ НА ПРЕКРШОКОТ
член 263 став 3 вв став 1 точка 8 од Царинскиот закон

2. Илија Тодоров од Штип, роден .на 06.07.1989 година во Штип, со место на живеење на ул.„Бел Камен" бр.24 во Штип, фитнес инструктор – вработен, државјанин на Република Северна Македонија

СЕ УТВРДУВА ДЕКА Е СТОРИТЕЛ НА ПРЕКРШОКОТ
чл. 265 став 3 в.в став 1 а в.в со чл. 263 став 3 вв став 1 точка 8 од Царинскиот закон

Затоа што:
На ден 07.07.2019 година во 16.45 часот во Штип, на крстосницата од ул.„Гоце Делчев" со ул.„Борис Кидрич", од страна на униформирани полициски службеници од ПС за БПС Штип извршен е увид и контрола во сообраќајна незгода во која еден од учесниците било ПМВ марка Алфа Ромео со бугарски регистерски ознаки број Е2527МХ и број на шасија ZAR93900005004205, управувано од лицето Илија Тодоров, а сопственост на лицето Борис Миланов. По извршената контрола констатирано е дека за возилото предмет на царински прекршок второπријавениот Илија Тодоров не поседува никаква документација со која може да ја докаже сопственоста и правото да управува со истото.

Првопријавениот Борис Миланов од Свети Николе, го внел од Р.Бугарија ПМВ на територијата на Р.Македонија на ден ден 03.05.2018 година и возилото му го дал на управување на второопријавеното лице Илија Тодоров од Штип со што постапувал како стоката да била пуштена во слободен промет иако не биле спроведени пропишаните формалности за пуштање на стоката во слободен промет и за плаќање на сите давачки пропишани со Царинскиот закон или други закони или не биле исполнети мерките на трговска политика и други прописи во врска со увозот на стоката.

Со гореопишаното дејствие пријавените постапиле спротивно на член 91 од Царинскиот закон, со што првопријавениот Борис Миланов од Свети Николе сторил царински прекршок по член 263 став 3 в.в. став 1 точка 8 од Царинскиот закон, а второпријавениот Илија Тодоров од Штип , сторил царински прекршок по член 265 став 3 в.в. став 1 в.в. член 263 став 3 в.в. став 1 точка 8 од Царинскиот закон, поради кое од страна на Комисијата

ИМ СЕ ИЗРЕКУВА

1. На Борис Миланов од Свети Николе, глоба во износ од од 250 (двеста и педесет) евра, во денарска противвредност пресметани според среден курс на Народна банка на Република Северна Македонија на денот на изрекување на глобата, во износ од 15.375,00 денари, како и трошоци на постапката во износ од 250,00 денари, кои сторителот е должен да ги плати во рок од 8 (осум) дена од конечноста на решението.

2. На Илија Тодоров од Штип, глоба во износ од 250 (двеста и педесет) евра, во денарска противвредност пресметани според среден курс на Народна банка на Република Северна Македонија на денот на изрекување на глобата, во износ од 15.375,00 денари, како и трошоци на постапката во износ од 250,00 денари, кои сторителот е должен да ги плати во рок од 8 (осум) дена од конечноста на решението.

- глобата да ја платат на образец ПП50 – налог за јавни приходи – со цел на дознака: глоба по решение Прк.бр.0545/19, примач Буџет на РМ, Банка на примач НБ на РМ, на сметка 100-000000063095, уплатна сметка 840-(број на општина)-051-03, приходна шифра 72211900, а
- трошоците да ги платат на образец ПП50 – налог за јавни приходи – со цел на дознака: трошоци по решение Прк.бр.0545/19, примач Буџет на РМ, Банка на примач НБ на РМ, на сметка 100-000000063095, уплатна сметка 840-(број на општина)-06137, приходна шифра 72413200,

и доказите за така извршена уплата (обрасците ПП50) да ги достави во оригинал до Комисијата за одлучување по прекршок при Царинска управа на РМ, ул.Колекторска 6.6., Скопје, а во спротивно ќе се спроведе постапка за нивна присилна наплата преку надлежната Управа за јавни приходи, согласно член 75 став 2 од Законот за прекршоците и одредбите од Законот за даночна постапка.

Согласно член 267 став 1 од Царинскиот закон, Комисијата за одлучување по прекршок на Борис Миланов од Свети Николе, му ја изрече и задолжително предвидената посебна прекршочна мерка одземање на стоката предмет на сторениот прекршок и тоа: ПМВ марка Алфа Ромео со бугарски регистерски ознаки број Е2527МХ

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Со Пресуда УПРЖ.бр.414/2021 од 02.11.2021 година, Вишиот управен суд на Република Северна Македонија, пресудата на Управниот суд УПРЦ.бр.62/2021 од 16.04.2021 година ја преиначува, тужбата на тужителот Борис Миланов од Свети Николе и Илија Тодоров од Штип се уважува, и решението на Комисијата за одлучување по прекршок Прк.бр.0545/19 од 17.01.2020 година се поништува. Имено, за Вишиот управен суд е спорна висината на изречената глоба, а имајќи го во предвид измените од Законот за прекршоци („Службен весник на РСМ" бр.96/19) кој е поблаг за сорителот и кој треба да се примени во конкретниот случај. Исто така за судот останува спорна прекршочната мерка одземање на транспортното средство и смета дека при одлучувње не е земена во предвид Пресудата на Европскиот суд за човекови права Јакимовски и Кари превоз против Република Македонија од 14.11.2019 година и принципите утврдени во неа, во која судот во Стразбург изнел свој став за повреда на правото на сопственост како уставно загарантирано право, односно за повреда на правото на сопственост што е предвидено во членот 1 од Протоколот бр. 1 на Конвенцијата. При одлучување требало да се има во предвид дали мерката одземање имала легитимна цел да се спречи криумчарење на стока и злоупотреба на царинскиот систем, што за судот несомнено спаѓа под општ интерес. Во овој случај Европскиот суд смета за да се постигне легитимната цел на казнувањето истото треба да биде во разумен однос спрема правото на мирно уживање на сопственоста. Истовремено судот ја имал во предвид и Пресудата на ЕСЧП во случајот Атанасов против Република Северна Македонија иницирана со жалба број 46082/14, со која е констатирана дека судот останува да испита дали постои разумна врска на пропорционалност помеѓу средствата што се користат за зачување на општиот интерес, од една страна и да го заштити основното право на апликантот за почитување на неговиот имот од друга страна.

Комисијата утврди дека согласно член 52, 54 и 55 од Законот за прекршоците постојат законски услови за спроведување на повторена прекршочна постапка и за донесување на одлука, па во оваа смисла повторно ја спроведе доказната постапка, при што изврши увид во:барање за поведување на прекршочна постапка број 28-052313/19-0004 од 26.08.2019 година на Царинарница Штип, прекршочна пријава, доставува бр.35.5.2-4535/1 од 09.07.2019 година од МВР, СВР Штип, ПС за БПС Штип, заведено со број 28-052313/19-0001, прекршочна пријава бр.35.5.2/06-ц од 09.07.2019 година, записник за констатиран прекршок бр.35.5.2/06-ц од 09.07.2019 година, потврда за привремено одземени предмети бр.35.5.2-33/635 од 07.07.2019 година, службена белешка бр.35.5.2-3623 од 07.07.2019 година, копија од Барање за отстранување на недостатоци и за доставување на дополнителни податоци, документи и докази бр.28-052313/19-0002 од 17.07.2019 година, доставување на дополнителни податоци, документи и докази бр.35.5.2-4535/3 од

07.08.2019 година од МВР, СВР Штип, ПС за БПС Штип, заведено со број 28-052313/19-0003, службени белешки бр.35.5.2-4007 и бр.35.5.2-4008, од 29.07.2019 година, копија од одговор на барање за проверка на возило бр.1013 од 01.08.2019 година со листинг за влез/излез на возилото (2 страни), копија од одговор на барање за проверка на лице бр.1014 од 01.08.2019 година со листинг за влез/излез на лицето Илија Тодоров (2 страни), копија од одговор на барање за проверка на лице бр.1017 од 01.08.2019 година со листинг за влез/излез на лицето Борис Миланов (6 страни), копија од голема бугарска сообраќајна дозвола бр. 008017541, копија од мала бугарска сообраќајна дозвола бр. 008017541, копија од бугарски зелен картон бр. AU 651151, оригинал бугарски документ Удостоверение за техническа изправност на ППС бр.19018582, копија од бугарски документ Застраховка „Гражданска отговорност" КОНТРОЛЕН ТАЛОН бр.69875923, копија од бугарски документ Застраховка „Гражданска отговорност" КОНТРОЛЕН ТАЛОН бр.66713095, копија од бугарски документ Застраховка „Гражданска отговорност" КОНТРОЛЕН ТАЛОН бр.72696111, копија од бугарски документ Полномошно од лицето Борис Миланов на лицето Илија Тодоров, со бр.4896/2018, копија од бугарски документ Декларација за гражданство и гражданско състояние, со бр.4897/2018, копија од бугарски документ Декларација по чл.264 ал.2 от даночно осигурителен процесуалнија кодекс, со бр.4898/2018, копија од бугарски документ Квитанција со бр.0003773412/31.01.2019, покани за писмено произнесување број 28-052313/19-0006 од 23.09.2019 година и број 28-052313/19-0007 од 23.09.2019 година, повратниците од Пошта Штип од 25.09.2019 година, писмено произнесување број 28-052313/19-0010 од 01.10.2019 година, решението на Комисијата за одлучување по прекршок Прк.бр.0545/19 од 17.01.2020 година, пресудата на Управниот суд УПРЦ.бр.62/2021 од 16.04.2021 година, Пресуда УПРЖ.бр.414/2021 од 02.11.2021 година, при што ја утврди следната фактичка состојба:

На ден 07.07.2019 година во 16.45 часот во Штип, на крстосницата од ул.„Гоце Делчев" со ул.„Борис Кидрич", од страна на униформирани полициски службеници од ПС за БПС Штип извршен е увид и контрола во сообраќајна незгода во која еден од учесниците било ПМВ марка Алфа Ромео со бугарски регистерски ознаки број Е2527МХ и број на шасија ZAR93900005004205, управувано од лицето Илија Тодоров, а сопственост на лицето Борис Миланов. По извршената контрола констатирано е дека за возилото предмет на царински прекршок второпријавениот Илија Тодоров не поседува никаква документација со која може да ја докаже сопственоста и правото да управува со истото.

Првопријавениот Борис Миланов од Свети Николе, го внел од Р.Бугарија ПМВ на територијата на Р.Македонија на ден ден 03.05.2018 година и возилото му го дал на управување на второопријавеното лице Илија Тодоров од Штип со што постапувал како стоката да била пуштена во слободен промет иако не биле спроведени пропишаните формалности за пуштање на стоката во слободен промет и за плаќање на сите давачки пропишани со Царинскиот закон или други закони или не биле исполнети мерките на трговска политика и други прописи во врска со увозот на стоката.

Со гореопишаното дејствие пријавениот Борис Миланов од Свети Николе сторил царински прекршок по член 263 став 3 в.в. став 1 точка 8 од Царинскиот закон, а второпријавениот Илија Тодоров од Штип , сторил царински прекршок по член 265 став 3 в.в. став 1 в.в. член 263 став 3 в.в. став 1 точка 8 од Царинскиот закон

Согласно член 91 од Царинскиот закон, со пуштање во слободен промет странската стока добива статус на домашна стока. За да се пушти стоката во слободен промет, треба да се применат мерките на трговска политика, да се завршат другите формалности пропишани за увоз на стока и за плаќање на сите давачки пропишани со царински и други прописи.

Согласно член 267 став 1 од Царинскиот закон, стоката која е предмет на прекршок од членовите 263 точки 1 до 9 и 265 во врска со членот 263 точки 1 до 9 на овој закон, се одзема.

Согласно член 2 став 1 од Законот за прекршоците за прекршокот и прекршочната одговорност соодветно се применуваат одредбите од општиот дел на Кривичниот законик.

Согласно член 3 став 1 од Кривичниот законик, врз сторителот на кривичното дело (прекршокот) се применува законот кој важел во времето на извршување на кривичното дело (прекршокот), а согласно став 2 од истиот член, ако по извршувањето на кривичното дело (прекршокот) е изменет законот еднаш или повеќе пати, ќе се примени законот што е поблаг за сторителот.

Согласно член 14 од Законот за изменување на Царинскиот закон („Службен весник на РМ" бр.110/21), запчнатите постапки пред прекршочниот орган од членот 258-а од овој закон до денот на влегувањето во сила на овој закон ќе завршат според одредбите на Законот за прекршоците ("Службен весник на Република Македонија" број 124/15)

Согласно член 15 од Законот за прекршоци („Службен весник на РМ" бр.124/15), глобата за физичко лице се состои во плаќање на определен паричен износ кој не може да биде помал од 15 евра во денаска противвредност ниту поголем од 1.000 евра во денарска протввредност.

Согласно член 265 став 3 в.в став 1 од Царинскиот закон, („Службен весник на РМ" бр.39/05 .... 144/18), за прекршок од ставот (1) на овој член на физичко лице му се изрекува глоба во износ од 500 до 2.250 евра во денарска противвредност во случај на прекршок од членот 263 на овој закон, односно глоба во износ од 200 до 750 евра во денарска противвредност во случај на прекршок од членот 264 на овој закон, кое ќе купи, продаде, распродаде, добие на подарок, прикрива, прими на чување или на превоз, чува, користи или добие во сопственост врз која било основа стока за која знае или според околностите на случајот морал да знае дека со тоа бил направен прекршок од членовите 263 и 264 на овој закон, доколку сторителот извршил некое од дејствијата од членовите 263 и 264 на овој закон.

Согласно член 263 став 5 од истиот закон Царинскиот закон („Службен весник на Република Северна Македонија" број 110/21) глоба во износ од 250 до 500 евра во денарска противвредност, за прекршокот од ставот (1) на овој член ќе се изрече на физичко лице, кога износот на избегнатите увозни давачки, други давачки и даноци се над 1000 евра во денарска противвредност или кога вредноста на стоката е над 4.000 евра во денарска противвредност т,

Согласно член 267 став (1) од Царинскиот закон („Сл.весник на РМ" број 144 од 03.08.2018 година) стоката која е предмет на прекршок од членовите 263 и 265 во врска со членот 263 од овој закон се одзема, а согласно став 3 од истиот член стоката се одзема и кога не е сопственост на сторителот на прекршокот, доколку сопственикот на стоката знаел или со оглед на околностите би можел да знае дека стоката е предмет на прекршоците од член 263 и 265 на овој закон.

При одмерување на висината на глобата, Комисијата ги имаше во предвид напатствијата на Вишиот управен суд дадени во Пресудата УПРЖ.бр.414/2021 од 02.11.2021 година, при што утврди дека во конкретниот случај при одмерувањето на глобата за предметниот прекршок како поблаг закон за сторителите правилно е да се применат одредбите од Законот за прекршоци („Службен весник на РМ" бр.124/15), а согласно член 14 од Законот за изменување на Царинскиот закон („Службен весник на РМ" бр.110/21), каде што е предвидено глоба во износ од 15 евра до 1.000 евра во денарска протввредност, при што на првопријавениот Борис Миланов од Свети Николе му изрече глоба во износ од 250 евра и на второпријавениот глоба во износ од 250 евра

По однос на прекршочната мерка Комисијата ги имаше во предвид наводите на Вишиот суд дадени во пресудата УПРЖ.бр.414/2021 од 02.11.2021 година, односно ја имаше предвид посочената Пресуда на Европскиот суд за човекови права Јакимовски и Кари превоз против Република Македонија од 14.11.2019 година и случајот Атанасов, меѓутоа Комисијата утврди дека овие пресуди се засновуваат на целосно поинаква правна и фактичка состојба и неможе да биде применета во конкретниот случај на барателот Борис Миланов од Свети Николе, бидејќи во случајот Јакимовски и Кари превоз против Република Македонија според Европскиот суд за човекови права државните органи правилно одлучиле кога на сторителот му изрекле глоба и мерка конфискација (одземање) на стоките предмет на царински прекршок, а овој Суд утврдил неправилност само во конфискацијата, изречена врз основа на вредносен критериум пропишан со одредбите од член 269 на Царинскиот закон, на товарното моторно возило (ТМВ) со кое се вршел превозот на стоките предмет на прекршок, со оглед дека тоа ТМВ било во сопстеност на фирмата Кари транспорт и како што утврдил овој Суд претставувало единствен извор на приход за семејството на тужителот Јакимовски како сопственик на фирмата Кари транспорт, како и дека тоа ТМВ било уредно пријавено при влез на граничните органи и пренесено до царинска испостава Битола со неоштетени пломби ставени од бугарската царина, па за Европскиот суд за човекови права таквата конфискација на ТМВ како

дополнителна санкција, покрај глобата и одземањето на стоките предмет на прекршок, била оценета како непропорционална бидејќи наметнала прекумерен товар на жалителите во тој случај.

Воедно Комисијата на сторителите им изрече и прекршочна мерка одземање на стоката предмет на прекршокот, а согласно член 267 став 1 од Царинскиот закон, додека во случајот Јакимовски и Кари превоз против Република Македонија од 14.11.2019 година предметното ТМВ е одземено согласно член 269 од Царинскиот закон, од што произлегува дека наведената пресуда на Европскиот суд за човекови права не може да се примени во конкетниот случај.

Согласно член 2 од Правилникот за висината и начинот на определување на реално направените трошоци во прекршочна постапка пред прекршочниот орган, Комисијата го задолжи сторителот и со трошоци во прекршочната постапка во износ од 250,00 денари.

упатство за правно средство:
Против ова решение незадоволната странка има право на тужба за поведување на управен спор до Управен суд на Република Северна Македонија во рок од 30 дена од приемот на решението. Бидејќи тужбата го одлага извршувањето на глобата, примерок од истата да биде доставен до Комисијата за одлучување по прекршок при Царинска Управа на Република Северна Македонија, во спротивно глобата ќе се наплати согласно одредбите од Законот за даночна постапка

Претседател на комисија,
Златко Кофиловски

Прк.бр.0545/19
К.бр. 28-052313/19-0031
Скопје, 11.07.2022 година

Доставено во оригинал до:
- сторители
- архива
-предмет

Доставено преку ЕДМС до:
-подносителот

Изработил: Наим Рамети